Бр. 12-2157/4
06.08 год. 2019

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 6, член 21 став 1 и став 2, член 26, член 38 став 3 и став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава за корупција на подносителот -------------------- од С-------, на 20-та седница одржана на ден 05 август 2019 година донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12-2157/1 од 01.04.2019 година на подносителот ---------------- од С------ се отфрла.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи/основ за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-2157 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 2157/1 од 01.04.2019 година.

Предметот со број 12-2157 од 2019 година да се затвари и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-2157 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-2157/1 од 01.04.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат подносител, физичко лице ----------- од С-------.

Со пријавата се изразува незадоволство од постапувањето и од одлуките донесени во судските постапки водени пред судовите во Република Северна Македонија, во кои подносителот на пријавата бил странка, а поврзано со престанокот на неговиот работен однос во две--------- претпријатија.

При разгледувањето на предметниот случај Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) ги зема во предвид наводите на подносителот за тоа дека од страна на еден од работодавачите му било повредено правото на школување и унапредување во струката и незаконски, од тие причини, му престанал работниот однос, односно дека и од страна на вториот работодавач неосновано бил отстранет од работа и покрај тоа што од безбедносни причини одбил работа и работни задачи - --------------------. Последователно на наведените случувања подносителот бил странка во судски постапки за кои смета дека неосновано се досудени во корист на спротивните странки – неговите работодавачи и се сомнева на коруптивни причини за истото.


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

Бр. ________
________ год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека наводите од пријавата не укажуваат на корупција - злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг од страна на избраните лица - судии од надлежните судови кои постапувале во конкретните предмети. Истовремено, пријавените избрани лица постапиле согласно со одрдбата од Законот за судовите која пропишува дека судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оценка на доказите и дотолку повеќе, во пријавените случаи се работи за постапки во кои се/биле искористени сите правни средства против одлуките донесени од надлежните судови во сите степени на одлучување пред повеќе од дваесет години, што подразбира истечен рок на застареност на евентуално сторени коруптивни дејствувања, на избраните лица – судии од надлежните судови, кои би можеле да се подведат под основи на сомневање за сторени кривични дела од Глава триесетта - Кривични дела против службената должност од Кривичниот законик на Република Северна Македонија.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Правна поука:**

Против оваа Одлука на Државната комисија за спречување на корупцијата, подносителот на пријавата може да поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од приемот.

**Одлучено на ден 05 август 2019 година под бр. 12- 2157/4**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до :
- Архива
- Подносителот


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk